**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**Од Осумнаесеттото продолжение на Шесттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 1 ноември 2006 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 15,25 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со работа по Шесттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Славица Грковска, Илинка Митрева, Јован Манасиевски, Даут Реџепи, Бесим Догани, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Владимир Ѓорчев, Ѓорѓи Оровчанец, Марјан Додовски, Љубчо Георгиевски, Лазар Китановски Абдуљади Вејсели, Сафет Незири, Теута Арифи, Фазли Велиу, Али Ахмети, Фијат Цановски, Томе Ценвески, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точката 3-Предлог за донесување на закон за следење на комуникациите, со Предлог на закон.**

Процедурално Трајко Вељановски.

**Трајко Вељановски:** Благодарам претседателе,

Пред да преминеме на оваа точка на дневен ред согласно член 83 од Деловникот на Собранието на Република Македонија барам поддршка од најмалку 10 пратеници да се примени член 83 и Собранието да одлучи пратеникот по исто прашање да може да говори само еднаш во траење од 10 минути. Координаторите на пратеничките групи и предлагачот на актот, или материјалот во траење од 15 минути.

**Љубиша Георгиевски:** Има ли поддршка од 10 пратеници? Има.

Според тоа, предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, за гласале 54, воздржано 2, против не гласал никој.

Според тоа констатирам дека е прифатен предлогот на заменик координаторот на мнозинството да се примени за третата точка член 83 од Деловникот.

Процедурално господинот Андреј Жерновски.

**Андреј Жерновски:** Господине претседателе, би сакал да го искажам несогласувањето не со предлогот, туку со начинот на кој што е даден предлогот, бидејќи ќе беше коректно сето ова да го договориме на една координација , за да не оди пак со стилот дека има мнозинство кое што само ќе ја тера работата. Особено што во претходниот парламентарен состав токму парламентарната група на ВМРО-ДПМНЕ секогаш се спротивставуваше кога сакавме ние понекогаш да работиме на тој начин. Меѓутоа, пак ќе кажам, тоа е согласно со Деловникот и се разбира дека одлуката е валидна. Но, би замолил друг пат ваков договор да направиме претходно, затоа што ако сакате “да играме поинаку “, ние доколку не сме присутни во овој момент, можете да видите дека нема да имате кворум. Значи, би замолил со една фер игра да работиме како што треба во интерес на граѓаните на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Го примам тоа како предлог за фер игра. Тоа е многу значаен предлог и би сакал сите да го оствариме. Да направиме пресврт, на нов начин со по фер средства да комуницираме едни со други. Благодарам на предлогот.

Процедурално господинот Азис Положани, три минути.

**Азис Положани:** Бидејќи се наметна едно избрзано гласање и без да се аргументира истото гласање, значи причините за еден таков предлог, значи злоупотребувајќи го на некој начин тоа што го дава како можност Деловникот, би сакал да прашам и истовремено да констатирам кои ќе бидат методите, или пак искористувањето на парламентарната постапка за тоа како одсега натаму ова парламентарно мнозинство ќе продолжи со парламентарните седници и вака всушност ќе го заменува досегашното прекршување, или повредување на Деловникот кое што досега се правело во Парламентот со избрзани постапки на драстичен начин и вака дефинитивно полека, но сигурно и на овој начин да ја затвори устата на опозицијата. Прашувам дали одсега натаму ова ќе биде единствена метода на работа на овој Парламент, затоа што не беше кажана ниту една причина за тоа зошто за оваа точка од дневниот ред има потреба на наметнување, или пак аплицирање на членот кој што се кажа тука од страна на предлагачот. Мислам дека не е добро за демократијата, не е добро за демократските односи во овој законодавен дом на овој начин без никакво образложение, без никакво објаснување да се употреби овој член кој што е даден како можност, меѓутоа не и како правило. Мислам дека и претседателот на Парламентот и предлагачот треба да објаснат како одсега натаму ќе работи овој Парламент. Ќе повторам, дали прекршувањата, или повредувањата на парламентарните правила, значи и на Деловникот кои што беа досега ќе се замени со оваа метода на работа.

**Љубиша Георгиевски:** Процедурално господинот Оливер Спасовски. Повелете, три минути.

**Оливер Спасовски:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници.Сакам да го изразам незадоволството на пратеничката група на СДСМ од начинот на кој што беше направена оваа постапка од страна на парламентарното мнозинство. Мислам дека координациите на пратеничките групи се одржуваат токму заради тоа да постигнеме еден начин на согласност, едно ниво на согласност во однос на текот на седниците. Вака на овој начин можам да оценам

дека парламентарното мнозинство има за цел да ја замолчи опозицијата.Уште еднаш ми се потврдува и неколку пати искажаното дека одредени преседани стануваат правило во ова Собрание и покрај кршењето на процедурите. Иако ние како пратеничка група имавме само неколку дискусии по однос на овој закон. Сега после овој чин, навистина се става под знак прашање и поддршката за овој закон, како реакција поради начинот на кој што сакаме да се спроведе целата постапка. Знаеме дека овој закон се донесува со 2/3 мнозинство. Треба да постои широк консензус и помеѓу партиите на власта и опозицијата. И токму заради тоа барам да имаме пауза и да се усогласиме околу таа работа.

**Љубиша Георгиевски:** 15 минути пауза.

(По паузата седницата продолжи во 15,50 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места.

Продолжуваме со седницата.

Предлогот за донесување на законот со Предлог на законот и извештаите на работните тела на Собранието на Република Македонија ви се доставени, односно поделени.

Собласно точка 1 на амандманот 19 од Уставот на Република Македонија овој закој се донесува со 2/3 мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон. Молам кој бара зобр?

Има збор Гордана Јанкуловска министер за внатрешни работи.

**Гордана Јанкуловска:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Министерството за внатрешни работи, како орган на државната управа и дел од извршната власт кој врши работи што се однесуваат на остварување на системот на државната и јавната безбедност во државата, укажа на потребата за создавање на уставен основ за донесување на закон со ој ќе се создадат услови за ефикасна борба против организираниот криминал, корупцијата, недозволената трговија со оружја и дрога, тероризмот и сите други облици на тежок криминал, кои имаат директно влијание врз националната економија и безбедноста на државата.

Во таа насока, со усовојувањето на Амандман 19 на Уставот на Република Македонија, со кој се измени член 17 на Уставот, се создаде уставен основ за прецизно нормативно уредување на една чувствителна и суштествена сфера од областа на слободите и правата на човекот и граѓанинот, а истовремено тоа претставуваше и исполнување на обврските што произлегуваат од Конвенцијата на ООН, протоколите кон истата, Конвенцијата за заштита на правата на човекот и основните слободи и Протоколите кон истата, одлуката на Советот на Европа од 17.01.1995 година, за законско прислушување на комуникациите, Препораките на Советот на министри од 1995 година, Препораките од Европскиот парламент 1998 година, како и Препораките на ГРЕКО при Советот на Европа.

Амандманот 19 на Уставот на Република Македонија, со кој се замени членот 17 на Уставот е усвоен од Собранието на Република Македонија во 2003 година.

Практичната имплементација на наведената уставна одредба, подразбира донесување на посебен закон кој ќе ја уредува оваа суптилна материја. За таа цел, во Министерството за внатрешни работи се пристапи кон изготвување на текстот на законот. Во изработката на овој закон не учествуваше само Министерството за внатрешни работи, како носител на активностите за изготвување на законот, туку во рамките на неформалната група за изработка на овој закон учествуваа и претставници на политичките партии, правни експерти, претставници на Јавното обвинителство, Врховниот суд на Република Македонија, професори од Правниот факултет, како и други еминентни стручњаци од оваа област. Текстот на законот беше предмет на јавни расправи и трибини во текот на 2004 година на кој меѓу другите присуствуваа и министри од Владата на Република Македонија, претставници на политички партии, професори, преставници на невладини организации и други претставници од различни сфери на општественото живеење.

Со цел да се изработи содржински квалитетен закон што ќе нуди ефикасни решенија, како од аспект на заштитата на човековите слободи и права така и од аспект на обезбедување на децидни услови и постапка за постапување на субјектите надлежни за негова имплементација Министерството за внатрешни работи текстот на законот го достави на мислење и до Канцелирајата на Советот на Европа во Република Македонија, Канцеларијата на Делегацијата на Европската Унија, Канцеларијата на ОБС и Амбасадата на САД во Република Македонија.

Изнесените аргументирани мислења на јавните дискусии, како и доставените писмени мислења од субјектите инволвирани во процесот на изготвување на предметниот закон, несомнено имаат круцијално значење за конечното обликување на содржината на законот.

Определбата да се предложи закон и да се донесе по скратена псотапка не е последица само на причината дека се изполнети условите предвидени со Деловникот на Собранието на Република Македонија, туку и е резултат на повеќе круцијални причини од значење за донесување на овој закон.

Амандманот на Уставот на Република Македонија со кој се создаде уставен основ за донесување на предметниот закон е усвоен во декември 2003 година . Од тогаш до денес изминат е период подолг од две години. Текстот на предложениот закон изготвуван е континуирано долго и речиси паралелно со текот на сложената и обемна постапка за донесување на амандманот на Уставот на Република Македонија.

Предложениот закон е резултат на работа не само на Министерството за внатрешни работи, туку како што и претходно напоменав во неговата изработка активно учествоземаа правни експерти и претставници од речиси сите сфери на општественото живеење.Предлогот на закон беше предмет на јавни дискусии.

Неспорно е дека донесувањето на закон за следење на комуникациите ќе овозможи да се врши следење на комуникациите само врз основа на судска одлука и во децидно пропишана постапка под концизно утврдени услови, кога тоа е неопходно заради спречување или откривање на кривични дела, водење кривична постапка или кога тоа го бараат интересите на безбедноста на Република Македонија. Истовремено, овој закон е и одговор на брзиот развој на информациските системи, надгледувачките техники и средства и нивното непрекинато усовршување, кои се ставени во функција на државата и безбедносните служби без постоење на цврста законска рамка за условите и постапката за следење на комуникациите од страна на овие органи, создава претпоставки за злоупотреба.

Несомнен е стравот кај граѓаните од можностите за злоупотреби од кои граѓаните стравуваат, но несомнено е и дека надзорот на граѓаните преку следење на нивните комуникации не е феномен само на тоталитарните режими. Тој егзистира и во демократските држави, како модеерни техники на полициско и безбедносно следење на комуникациите, што се високо софистицирани во услови на пропишан и воспоставен систем на чување на информациите добиени со таквото следење и нивно користење. Предложениот закон содржински е концепиран во пет засебни глави.

Во првата глава на законот “Општи одредби”, која се однесува на општите одредби, определени се условите и целите на овој закон, природата и режимот на заштита на собраните податоци, како и значењето на изразите и поимите употребени во овој закон.

Втората глава која се однесува на условите и постапката за следење на комуникациите за откривање и гонење на сторители на кривични дела, содржи членови со кои се регулира примената на мерката во насока на откривање и гонење на сторителите на кривични дела, утврднеи се условите под кои Судот може да нареди следење на комункациите, истакната е улогата на јавниот обвинител, утврдени се елементите на барањето за следење за комуникациите, елементите на наредбата, времетраењето на следењето на комуникациите, постапката за доставување на наредбата, спроведување, чување, доставување и користење на собраните податоци, временските рокови и начинот на поништување на собраните податоци, условите под кои се известува и запознава обвинителот со собраните податоци и неговата комуникација што била предмет на следење и слично.

Третата глава се однесува на условите и постапката за следење на комуникациите заради заштита на интересите на безбедноста и одбраната на земјата и содржи членови со кои се регулираат условите под кои може да се нареди следење на комуникиците заради заштита на интересите на безбедноста и одбраната на Република Македонија.

Во Четвртата глава “Надзор и контрола” уредено е прашањето на надзорот и контролата. Имено, предвидено е надзорот да го врши посебна комисија составена од пратеници во Собранието на Република Македонија, од редот на политичките партии во опозиција, политичките партики на власт, со децидно утврдување дека претседателот на Комисијата е од редот на пратеници од политичката партија во опозиција, што на последните избори за пратеници освоила најголем број гласови.

Во Петата глава “Преодни и завршни одредби” се утврдени временските рокови за усогласување на работата на државните органи и правните лица со одредбите на овој закон, како и временските рокови за донесување на неопходните подзаконски акти.

Неспорно е дека со донесувањето на овој закон нормативно-правно ќе се регулираат одредени аспекти од областа на заштитата на основните човекови слободи и права, ќе се обезбеди правната заштита на правото на приватност на граѓаните, ќе се воспостави и баланс меѓу јавниот и приватниот интерес во областа на неповредливоста на сите облици на комуникација, прецизно ќе се регулираат условите и постапката за огрнаичување на неповредливоста на писмата и на сите други облици на комуникација, но исто така ќе се утврди и контролата на законитоста на следењето на комуникциите, а воедно и ефикасно ќе се одговори на сите современи облици на криминалитет.

Затоа, Министерство за внатрешни работи до Владата на Република Македонија, а потоа Владата до Собранието на Република Македонија предложи донесување на еден ваков закон, со кој прецизно ќе се определат рамките на следењето на комуникациите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Барам процедурално, бидејќи за збор ќе се јавам подоцна.

Во има на парламентарната група на ДУИ барам еден час пауза бидејќи имаме два значајни моменти, го имаме Експозето на претставникот на Министерството и Владата и го имаме другиот момент за кое нешто се укажаа забелешки дека не е добро на овој начин да се замолчи опозицијата. Со оглед на тоа дека како парламентарна група треба да изградиме наш став како ќе гласаме во однос на овој закон и се разбира нашиот пристап во текот на идната расправа во однос на овој закон кој е предложен.

**Љубиша Георгиевски:** Еден час пауза по барање на координаторот.

(По паузата седницата продолжи во 17,10 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Мери Младеновска Георгиевска.

**Мери Младеновска Георгиевска:** Почитуван господине претседател, почитувана госпоѓице министер, почитувани колеги пратеници,

Денес расправаме за една многу значајна материја како што е Законот за следење на комуникациите. Се работи за значајна материја од повеќе причини. Од една страна се заложбите за борба против криминалот воопшто, посебно за или против неговите организирани облици и корупцијата, верувам заложби на сите пратеници како претставници во законодавниот дом, а од друга страна е прашањето за почитување на човековите слободи и права. Токму заради почитување на човековите слободи и права, уште во 2003 година во Парламентот во претходниот состав беше усвоен амандманот 19, со кој се гарантира слободата и неповредливоста на писмата и на сите други облици на комуникација, со дополнување само врз основа на одлука на суд под услови и во постапка утврдена со закон може да се отстапи од правото на неповредливост на писмата и на сите други облици на комуникација, ако тоа е неопходно заради спречување или откривање кривични дела, заради водење кривична постапка или кога тоа го бараат интерсите на безбедноста и одбраната на Републиката. Тоа е амандманот 19, како што споменав, усвоен во Парламентот во 2003 година.

По ова продолжува постапката со изготвување на законот за следење на комуникации и во Парламентот беше доставен текстот на 13 септември 2004 година, ставен на дневен ред на 81-та седница пред тогашниот состав на Парламентот, која започна на 14 октомври 2004 година, но заради потребата овој закон, за да биде усвоен, за да биде поддржан од 2/3 од пратениците, истиот не беше донесен и токму затоа како материја за која постои кај нас правна празнина припад на можноста на оваа власт, ова парламентарно мнозинство и оваа влада да понудат решенија. Истиот законски текст кој претходно беше доставен до Парламентот, како што споменав, бидејќи остана недонесен, оваа Влада го достави до Собранието. И ако го гледаме ова прашање како поединечен чин, сметам дека е за почит затоа што означува континуитет и прифаќање на работите што се добро изработени. Но, има и нешто друго, а тоа е прашањето за начинот на кој се разгледува одреден закон или акт и врз основа на што се донесува одлуката еден закон да се поддржи или да не се подржи. Во случајот со актуелното мнозинство во парламентот но и со други политички партии што беа во опозиција во претходниот Парламентарен состав, состојбата изгледа вака. Додека беа во опозиција за Законот за следење на комуникации не сакаа ни да слушнат, го критикуваа на сите можни начини, дури и ја напуштаа салата кога се расправаше за законот. Да потсетам уште еднаш, потребно е двотретинско мнозинство и токму за тоа, од тие причини, не беа обезбедени овие две третини гласови од пратениците и законот не беше донесен. Но, откако ја освоија власта, откако ВРМО ДПМНЕ формира влада со своите коалициони партнери, тогаш за оваа партија и нејзините коалициони партнери престанаа пречките поради кои не го поддржуваа законот, не им пречеше истиот закон во иста форма и со исто образложение да го достават до пратеничкиот состав.

Споменав и исто образложение и ќе ви прочитам дел од образложениеото, кое покажува дека навистина во иста форма е поднесен законот. Во образложениеото стои дека во изготвувањето односно изработката на законскиот текст активно учество земаат претставници од Врховниот суд на Република Македонија, Јавното обвинителство, Министерството за правда, професори од Правниот факултет при Универзиетот “Кирил и Методиј” и преставници на партијата ВМРО ДПМНЕ, работници од Министерство за внатрешни работи итн. Ова јасно покажува дека дури не е сменето ниту образложениеото, бидејќи се наведува дека во изготвување на законот имало и претставници на опозициона партија ВМРО ДПМНЕ.

Ова јасно покажува дека поддршката за законот ја даваат претставниците од Парламентарното мнозинство замо затоа што се тие во позиција да ги следат комуникациите и навистина не би ме зачудило ако во иднина кога ќе ја изгубат власта повторно да го сменат својот став и да бараат различни модалитети на кој начин законот би можел да престане да важи и да не се применува. Ова ме упатува на заклучокот, законот и неговото значење за остварување на целите кон кои е насочен да бидат доведени во прашање и законот и неговата примена да се гледаат низ призма на остварување на други цели, а не оние кои се во истиот наведени.

Сакам да ги повторам поради тоа причините поради кои се донесува законот кој може и под кои услови може да следи. Тоа се: спречување и откривање кривични дела заради водење кривична постапка или кога тоа го бараат интересите на одбраната на Република Македонија.

Во одредбите на самиот закон има и посебни одредби, кои во еден дел се однесуваат само на гонењето на кривични дела, во другиот кои се однесуваат на одбраната и безбедноста, па затоа во членот 8 следењето комуникации на одредено лице судот може да нареди кога постојат основи на сомневање дека тоа лице е сторител на кривично дело за кое е пропишана казна затвор од најмалку четири години или на кривично дело за кое е пропишана казната затвор до пет години, за кое постојат основи на сомневање дека го врши или е извршено од страна на организирана група, банда или друго злосторничко здружување заради

обезбедување податоци и докази неопходни за успешно водење на кривичната постапка, што на судот не може да се соберат.

И во делот на безбедноста има исто такви одредби, кои укажуваат на прашањата поврзани со безбедноста, кога е загрозена безбедноста и од тие причини потребно е да се интервенира со следење на комуникациите.

Секое следење на комуникации би било во спротивност на Уставот и законот доколку се одвива на поинаков начин од она што е пропишано во Уставот и тоа што е наведено во овој закон. Токму затоа, ја поддржувам одредбата во членот 12 на овој законски текст во која децидно стои дека истражниот судија ќе го одбие барањето за следење на комуникација ако тоа се однесува на комуникациите на адвокатот определен за бранител со лицето чии комуникации се предмет на следење, на комуникациите што се вршат во службените простории на претседателот на Собранието на Република Македонија, Претседателот на Република Македонија, претседателот на Владата и на комуникациите што се вршат во службените простории на пратениците во Собранието на Република Македонија.

Затоа и очекувам, ако овој закон се усвои, на тој начин и да се спроведува, а не да се наоѓаат други начини за реализирање на незаконски дејствија.

Пратеничката група на СДСМ и во улога на позиција и сега во улога на опозиција го има истиот став во однос на овој законски текст. Ние не го менуваме нашиот став, а тоа значи дека се залагаме за поефикасна борба против организираниот криминал и корупцијата и сметаме дека воо функција на поефикасна борба против организираниот криминал и корупцијата ќе биде и прибирањето докази преку следење на комуникации и дека на овој начин ќе биде помогнато докажувањето во судските предмети.

Овој наш став се темели на сознанијата дека во услови кога и во полициските постапки се собираат докази и кога ќе се дојде до основи на сомнение, понатаму по продолжување на постапката пред Јавното обвинителство и пред судството често пати отсуствуваа докази потребни за осудителна, за конденаторна пресуда на одреден кривично правен настан, дури и кога се останато во постапката упатува на тоа дека еден настан се случил во време, место и начин како што е наведено во обвинението. Тоа не е целосно потврдено со доказите изведени во постапката и токму за тоа судовите се доведуваат во ситуации да донесуваат и ослободителни пресуди, за што потоа обвинување има и судската власт, но не се поштедени ниту извршната ниту законодавната власт. По завршувањето на овие судски постапки, се наметнуваат прашањата за надоместување на штета, за што секој оној кој ќе има ослободителна пресуда може своите пари за своите права за надомест на штетата да бара да бидат остварени.

Токму поради овие причини сметаме дека овој закон, а и поради причината што законскиот текст е изработен од претходното мнозинство во Парламентот, пратеничката група на СДСМ ќе го поддржи овој законски текст.

Но исто така сакам во својата дискусија да споменам дека пратениците на СДСМ не се согласуваат со начинот на кој се води постапката овде во Парламентот, затоа што мнозинството во Парламентот треба да знае дека се работи за законски текст за кој е потребно двотретинско мнозинство од пратениците и дека со вакво надгласување, како што се практикува, не може да се овозможи постигнување консензус за вакви значајни прашања.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За реплики се јавија пратениците: Трајко Вељаноски, Силвана Бонева и Павле Трајанов по овој редослед, по три минути.

Повелете господине Вељаноски.

**Трако Вељаноски:** Благодарам претседателе,

Пратеничката Мери Младеновска Георгиевска половина од времето го потроши да ја нападне сегашната власт, а тогашната опозиција и да искаже ноторни лаги. Зошто? Затоа што таа укажа дека ние го менуваме ставот во зависност од тоа дали сме позиција или опозиција. Не е точно. Не е точно затоа што ние кога бевме опозиција ја повикувавме тогашната власт, тогашното мнозинство, држевме прес конференции, имавме платени огласи на печатените медиуми, во кои ја повикувавме тогашната власт Законот за следење на комуникациите да го стави на гласање затоа што сметаме дека е од многу битно значење и да не дојде до злоупотреба на Уставниот амандман, кој беше усвоен во 2004 година. Ја повикувавме тогашната власт, тогашниот претседател на Собранието, овој суштински и важен закон да биде ставен на гласање, давајќи ја нашата целосна поддршка. А господата од тогашното мнозинство, кои имаа одредени испазарени работи за други закони, каде што обезбедуваа двотретинско мнозинство со други партии, многу јасно знаат кои се, ќе ја потсетам и пратеничката Мери Младеновска Георгиевска, бидејќи таа како министер за правда успеа ова Собрание од нејзиното Министерство со двотретинско мнозинство да ги усвои законите за парнична постапка, за кривична постапка, за прекршоци и други закони кои беа донесувани со двотретинско мнозинство. Ние како пратеничка група ВМРО ДПМНЕ во тој период иако бевме со мал број пратеници не учествувавме, но тие успеаја да ги издејствуваат со други пратенички групи, да обезбедат двотретинско мнозинство.

Значи доколку имаа желба и сакаа, можеа овој закон за следење на комуникации тогаш да го изгласаат и да може да биде применет законот. Но, изгледа тогаш на некого му одговараше да има еден вакум во кој ќе постои уставен основ за следење на комуникации, а ќе нема законски рамки за да може тоа да се примени.

И тогаш и сега кажуваме дека треба да се донесе овој закон за следење на комуникации и не случајно истиот текст на законот што тогашната влада го донесе и достави до ова Собрание, сегашната Влада го предлага, затоа што ние учествувавме, односно и јас учествував во работата на изготвувањето на овој закон, сметавме и тогаш и сега дека се добри решенијата за да може да се употреби законот за следење на комуникации. Сакам да кажам дека кај нас постои воедначеност во однос на ставовите што ги имаме и како позиција и како опозиција. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Една минута контрареплика за пратеникот Мери Младеновска Георгиевска. Повелете.

**Мери Младеновска Георгиевска:** Благодарам.

Не ми останува ништо друго, освен да се заблагодарам на комплиментите од пратеникот Трајко Вељаноски за успешноста многу значајни закони во претходниот состав на Парламентот да се донесат со двотретинско мнозинство. Нашата заложба беше и овој закон да се донесе со двотретинско мнозинство, но да се потсетиме какво беше однесувањето на ВМРО ДПМНЕ при донесување на пример на уставните амандмани и други закони кои беа потребни во реформските процеси заради побрзо интегрирање на Република Македонија кон ЕУ, а за најзначајното прашање ВМРО ДПМНЕ гласаше односно не гласаше, не ги поддржа уставните амандмани.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика има пратеникот Силвана Бонева.

Повелете три минути.

**Силвана Бонева:** Благодарам.

Почитуван претседателе, јас бев веќе откажана од репликата, меѓутоа, ќе си го задржам првото за реплика на почитуваната колешка Младеновска Георгиевска. Најпрво, навистина сум изненадена од купот невистини кои беа искажани од нејзина страна, иако беше таа министер, јас бев овде пратеник со уште неколку колеги од пратеничката група на ВРМО ДПМНЕ и многу јасно знае дека наше залагање и не само залагање туку и гласање во првата фаза на законот за следење на комуникации, а потоа постојано барање законот да биде ставен на дневен ред на Собранието на Република Македонија и да биде изгласан од парламентарното мнозинство и од нас како опозициска партија, заради тоа што посебен интерес на ВМРО ДПМНЕ и посебен интерес на сите граѓани во Република Македонија е конечно да се стави ред во сферата на прислушкувањето и да знаеме кој и како и зошто не прислушкува, па токму од тие причини и тогаш и сега нашиот став е дека треба да се донесе законот за следење на комуникациите. Тоа е одговорот на госпоѓата Мери Младеновска Георгиевска. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Не гледам дека има контрареплика.

Одиме со следната реплика.

Повелете господине Павле Трајанов, три минути.

**Павле Трајанов:** Почитуван претседателе, сакам да реплицирам на пратеникот Младеновска околу делот што се однесува за користење информации добиени преку системите за прислушкување во судска постапка како доказ. Моја оценка е дека и како поранешен адвокат Младеновска, како министер за правда, а и сега како пратеник, мислам дека треба да се отвори, да го отвори или да го отвориме прашањето дали ќе остане таква одредба во законот за кривична постапка, да може судска одлука да се заснова само врз основа на информации добиени преку системите за прислушкување. И кога беше расправата по Уставниот амандман во јавната расправа, но и во расправата за Законот за кривична постапка инсистирав да стои одредба да не може да се заснова судска одлука само врз основа на информации добиени преку системите за прислушкување. Мислам дека една таква заложба треба да имаме и понатаму и да инсистираме да се направат промени во Законот за кривична постапка. Бидејќи ова прашање не го третира овој закон за пресретнување на комуникациите, можеби треба Парламентот да расправа и да ја задолжи Владата да направи измени и дополнувања на Законот за кривична постапка, да се заснова судска одлука само врз основа на добиени докази заедно со оние од системите за прислушкување. Во таа насока, заложбата што била на пратеникот Мери Младеновска Георгиевска, по моја оценка, не била во ред.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за пратеникот Мери Младеновска Георгиевска. Повелете.

**Мери Младеновска Георгиевска:** Благодарам.

Веројатно не бев добро разбрана за она што претходно го дискутирав, а кога станува збор за Законот за кривична постапка, тој закон не беше менуван додека јас бев на функцијата министер за правда, а како пратеник секако ќе поддржам не само измени на Законот за кривична постапка, туку и други закони кои ќе значат почитување на слободите и правата на граѓаните, а секако и ние како пратеници можеме да иницираме такви прашања.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има господинот Азис Положани.

Повелете, имате десет минути.

**Азис Положани:** Благодарам.

Почитувани колеги пратеници, бидејки ни се укажа можноста да говориме само по десетина минути за овој закон, кој што исто така, е од посебно значење и доста чувствителен закон, во неможност пошироко да елаборираме и да ги кажеме причините заради кои треба да се донесе ваков закон, значи Македонија да има еден ваков закон и нашиот став додека се изготвуваше овој закон во првата фаза, секако и нашиот став додека овој закон дојде во оваа втора фаза и се заокружува, мислам дека има потреба и имало потреба од едно дополнително објаснување, една поголема можност за дообјаснување на овие

моменти. Затоа што, како што произлегува и од самата расправа која што веќе сега е скратена и од репликите што ги слушнавме, секако дека тоа е проблематично, кога барем во нашиот амбиент или во нашата средина или во тоа што се нарекува на некој начин релација, позиција, опозиција, во условите во Република Македонија кога се знае фактот дека тоа што го прави или тоа што го предлага едната страна, автоматски другата страна е против тоа. Кога страните ги менуваат местата, тогаш и зборовите ја менуваат и смислата изначењето и некој треба да си ги поврати зборовите што си ги рекол. Меѓутоа, како и да е во овие малку минути јас ќе се обидам да го објаснам на некој начин нашиот став, меѓутоа и ставот мој личен, со цел на разгледување и објаснување на нашиот став или на нашата позиција. Потребата од донесување на овој закон е од поодамна и секако простор за тоа се дозволи со соодветните промени во Уставот, бидејќи ова беше уставна материја, ова право и беше мотивирана таа промена од потребата на поефективен и на посодржински начин да се бориме против негативните феномени, почнувајќи од корупцијата, организираниот криминал и другите форми на тежок криминал, кој што фактички, за да им се пресече патот, ќе требаше да се послужиме и со техники, кои всушност се прашања на разгледување во овој Предлог закон. Секако, ова е на некој начин и во духот на меѓународните препораки, би рекол и на наша внатрешна потреба во целост и дека од овој аспект како потреба од придонес во оваа насока, тоа воопштоне се спорело ниту порано, ниту пак се спори сега, иако сме на оваа страна во салата во Парламентот, затоа што цениме дека таквите политики за воведување на ред и поредок, правила во прашањата кои што го оптоваруваат нашиот развој како демократски, така и економскиот и организираниот криминал, корупцијата и како што реков и другите девијантни елементи, имаат потреба од поефективна и поефикасна борба. Тука, начелно нема никаков проблем и никакво двоумење за начелна подршка на овој закон и за изнаоѓање на поефикасна форма за борба против овие појави во целост. Ова го велам како претставник на албанската заедница дека за Албанците во целост никогаш не бил проблематичен самиот закон или пак законите кои што ги донесувале граѓаните на рамноправна позиција или рамниште и нивното реализирање и спроведување овозможувало еднакво рамноправно третирање на сите нив. За ова прашање ние неколку пати сме го потврдиле нашиот став дека ние сме за уредување на сите прашања кои што се засновани на законот. Меѓутоа, тоа што било засновано врз нашето повеќегодишно искуство или децениско искуство, доаѓа од злоупотребата на законите. Ова, всушност, се случувало во минатот, децении со ред кога Албанците сигурно дека биле жртва на разните политики за различни цели и намери во разните фази на развојот на оваа држава и дека и овие техники, кои често пати недозволено се искористувале за цел на дискредитација и за цели кои биле неправедни. Имало случаи кога ние, подржувајќи начелно во правата фаза и овој закон секогаш сме имале предвид и го имамем предвид фактот дека имаме наше сопствено двоумење, имаме наш сомнеж и тоа што на некој начин го прави неодржливо ова наше поддржување е фактот што манипулациите и заобиколувањето токму на правилата и законит екои што ние ги донесуваме, всушност тоа што ќе го стави во сенка, а ќе ја стави во сенка уште една фаза, определена фаза во нашиот демократски развој.

Кога го велам ова, го имам предвид и временскиот периодкога се предлага и се донесува овој закон. Значи пред, неколку дена ние на начинот на кој што го виде и јавноста, се прекина расправата на неправилен начин за законот за полиција и истиот се донесе без политички и етнички консензус, иако имаше многу забелешки и од аспект на заштита на правата на човекот и од концептуални аспекти, сепак, тој закон се донесе. Тој закон се донесе и се усвои, иако сите беа свесни дека има празнина, има недостатоци, има недоследности во самиот закон и овој закон за полиција земено заедно со овој закон за следење на комуникациите и кога ќе се додаде и моментот како се процесуираше со почетокот на оваа седница и со предлог на најголемата партија на ВМРО-ДПМНЕ, нам ни се зема правото да говориме пошироко, поопсежно, подлабоко за да ги разјасниме нашите сомнежи и евентуално причините, дополнителните образложенија за повторно да се разгледа или пак да се стават предвид тие недостатоци, за да ги има министерството предвид при понатамошното процесуирање за актите и другите закони. Нас не ни се овозможи оваа работа, ни се оставија само десет минути за дискусија и заедно со начинот како се донесе законот за полиција, навистина, почитувани пратеници, нема како кај нас да не се поттикне сомнеж дека донесувањето на овој закон кој што има мотивација и поддршка општа, според мотивот, што значи има мотив кој навистина е содржински, но начинот како се настојува да се донесе тој закон, како се менаџираше Законот за полиција и начинот како ни се одзема правото на поопсежно и посодржинско говорење за ова прашање нема како да не не поттикне нас да веруваме дека имплементирањето на овој закон ќе биде, всушност, во согласнсот со нормите и тоа како е запишано во Законот. Исто така, каков е текот на спроведувањето на законот, повеќе нема да има злоупотреби, погрешни толкувања и заобиколувања на истиот, со цел за да се употреби и за повредување на правата на човекот, што е основно и елементарно нешто, со кое што го повредува овој закон, но сега веќе се уредува, се нормира и тоа е прифатливо, како што рековме, затоа што и Уставот се измени. Меѓутоа, мислам дека начинот како се создаде оваа релација во последниот месец, тоа не тера да се сомневаме дека нема да биде доволен за да ги спречи и злоупотребите, за да ги спречи и заобиколувањата илипак омаловажувањата и за

да го стави овој закон во функција на политичките прогони и во функција ферифицирање и на фактите што се однесуваат на меѓуетничката релација, нешто што го имаме во нашето свежо сеќавање. Секако, за нас останува неизвесно и сомнението за супстанцата, всушност за добрата волја на парламентарното мнозинство правилно и прецизно да го имплементира овој закон, како што не сме сигурни дека и со Законот за полиција кој што се донесе без политички и етнички консензус, ќе може да се уредат прашањата во оваа област. Тоа значи во полицијата или пак процедурите и постапките во полицијата, сите овие закони кои што имаат добра мотивација и цел и се наша обврска, ви-за-ви нашите евроитегрирачки тежнеења, навистина, да може да се стават во служба како на граѓаните, така и да се сметаат како еден чекор напред кон она што се нарекува напредување и подобрување на квалитетот на животот и подобрување на правата на човекот и заштита на правото и слободата на секој етникум, на секоја етничка заедница, која што во оваа демократска држава треба да се развие и да се развива слободно без пречки. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Збор има господин Тито Петковски.

Повелете, имате десет минути.

**Тито Петковски:** Почитуван претседател, госпоѓо министер, почитувани колеги пратеници, еве, среќен сум што дочекав овој закон да биде на дневен ред на Собранието и дека имаме шанса да го донесеме. Среќен сум заради тоа што многу политичари, пратеници, министри, луѓе од интелектуалната сфера вложија многу труд, политичка волја да се донесе еден закон, кој што ќе не легитимира полека како сериозен кандидат за член на Европската унија, бидејќи не само што овој закон претставува еден од условите за хомогенизација на нашето законодавство со европското, туку е пред се наша потреба да регулира една мошне чувствителна, сензитивна материја, која длабоко задира во човековите права и слободи, но во исто време и која што има функција да ги штити институциите на системот односно да ги штити и вредностите што се викаат човекови права, меѓутоа и вредноста на државата, како и системот во целина.

Сметам дека е време да смогнеме сили ние сега во овој Парламент како политички партии, тоа разногласие да го претвориме во наша заедничка енергија, политичка волја, овој закон да биде продукт на еден консензус и едноставно да го донесеме онака како што очекуваат, не Меѓународната заедница, туку граќаните на Република Македонија. Настрана политиканството, политичките разлики меѓу нас кога се во прашање државните национални интереси, граѓаните очекуваат да дишиме како еден. Не говорам за тоа дека има разлики околу содржината на законот и токму заради тоа сакам да предложам, бидејќи сега ние во оваа фаза расправаме само за Предлогот за донесување на закон, потоа ќе следи расправа по Предлогот на закон, до колку имаме разлики, а гледам дека има некои амандмани заеднички да седнеме да демонстрираме политичка волја, да се усогласиме, се разбира, за нешто што во суштина не отстапува од самата концепција на законот. Значи, да ја завршиме час поскоро оваа расправа, да го донесеме законот и да ја упатиме пораката до Меѓународната заедница дека Македонија, барем дел од оние обврски што ги превземаме од Европа, полека почнува да ги реализира. Значи, по вториот дел кога ќе стане збор за Предлогот на закон, претпоставувам дека ќе имаме многу повеќе шанса и тие аргументи околу разликите да ги усогласиме. Јас сакам да подвлечам дека НСДП ќе го поддржи овој закон и ние сметаме дека тој е неопходен и мислиме дека ќе затвори многу рпашања за кои што денес во Македонија многу се шепоти, се говори надвор од институциите на системот, новинарите нагаѓаат, но дефинитивно ќе се стави ред во злоупотребата на она што значи нарушување на човековите права со помош на опрема на техника, која во Република Македонија определни институции ја имаат. Сметам дека покрај пораката, ние веднаш како политички партии, мислам дека ќе бидеме со многу поголема свест на одговорнсот кон она се што значи загрозување на правата и слободите на граѓаните но и се што значи, особено во сферата на овие кривични дела кои што се вршат на мошне софистициран начин, но пред се и енергична борба против злоупотребата на механизмот на прислушкување, како единствена и за сите прифатлива резултанта дека суштината на овој закон е таа да можат она што до сега беше забрането, со помош на следењето на комуникациите, аргументите и доказите што ќе се соберат, да се употребат како доказ пред судот, за да може да се изрече определна санкција од страна на судот. Но, секако и да затвори во поновата историја на Македонија неколку поглавја, кои што до сега не само што ја разбрануваа јавноста, туку флагрантно ги кршеја човековите права и слободи. Можеби тоа беше и причината на Комисијата кога говорев за овој закон да побуди таков интерес кај граѓаните и не сакам да побегнам, особено кај новинарите, не сакам да побегнам од суштината на она што го говорев на Комисијата. Јас отворено кажав во врска со овој закон дека има потреба да се донесе законот, дека овој закон ќе регулира многу работи, дека ќе ги стави под контрола сите злоупотреби со определен механизам, парламентарен механизам, а дали е тоа доволно ќе проговориме во вториот дел. Ќе проговориме за овој закон, за Предлогот на закон или што треба за да може определени институционални решенија да се направат, за да може да не се злоупотребува механизмот на следењето на комуникациите на граѓаните и да ги следиме примерите на многу земји во Европа, особено од Централна и Источна Европа, земји коишто станаа скоро членки на Европската унија.

Значи, говорев на Комисијата дека е потребно и покрај другото да се затворат некои случаи кои што во Република Македонија се тркалаат неколку

години. Дали треба да спомнам дека во Македонија прислушкување на граѓаните постоеше. Значи, злоупотреба на опремата на инструментите за следењето на комуникациите постоеше во Република Македонија. Меѓутоа, завршница за таа работа не постои. Овој закон императивно наложува, дури предвидува определена процедура и одговорност за сите оние кои што ќе посегнат да ја злоупотребат опремата за прислушкување. Да бидам уште поконкретен, во 2001 година Република Македонија беше соочена со афера на прислушкување и тоа ја изнесе во тој момент човек кој што беше лидер на партија во опозиција наспроти власта која во ијмето на еден министер тогаш за внатрешни работи, исто така, учествуваа во финализирањето на таа афера, но финале таа афера не доби. Така што бевме соочени во 2005 година, ќе ве потсетам, група новинари покренаа постапка пред Комисијата, постојната Анкетна комисија за заштита на човековите права иницијатива да продолжи, за да заврши аферата, меѓутоа главните во тоа време фактори односно најодговорни фактори, тој што ја промовира аферата прислушкување и минситерот за внатрешни работи не дојдоа да и помогнат на Анкетната комисија околу расветлувањето на целиот тој случај. Значи, имаше прислушкување, беа прислушкувани околу 17 новинари, дипломати, политичари и други граѓани, а постојаната Анкетна комисија во тоа време во 2001 година неколку пати заседаваше и не дојде до определени резултати, до судот покрена постапки неколку новинари и судската постапка сеуште нема завршница нешто повеќе од 5 години и сега имавте можност пред некој ден да чуете дека новинарите преку свој адвокат веќе се обратиле до Судот за човекови права во Стразбург и таму чекаат одговор.

Дали сега треба да кажеме дека некој ни е крив зошто имаме таква оценка за Република Македонија околу судството, неефикасноста на судството и особено околу корумпираноста. Етикета, која што не е само на граѓаните на Република Македонија, туку пред се од Меѓународната заедница. Едно од упориштата на најголемата критика на Меѓународната заедница и особено на што се става акцент во Европа е токму реформите на правосудството и елиминирањето на корупцијата во правосудството. Ако за еден предмет каде што новинари тужат над 5 години и не може да се добие завршница, па се смениле неколку судии и отворено се поставува прашањето, каде е тајната, кој тоа не го дозволува. Значи, во завршница нема за најчувствителната сфера, а особено пак кога станува збор за новинари. Денес, кога особено новинарите после мојот настап на седница на Комисијата тоа го прават, се поставува прашање зошто со таква упорност и волја не го прават и за заштита на сопствените рпава, на правата на нивните колеги за кои што веќе тече судска постапка. А, не бегам од тоа. Значи, станува збор за нешто, кое што во Македонија е факт и што треба дефинитивно да се расчисти, а ќе се расчисти со помош на овој закон.За анкетните комисии кои често пати се спомнуваат, како идеа слушам овде дека на наредната седница ќе се предложи, за љубителите на анкетните комисии само ќе кажам дека се ова што досега го говорев, го покриваа анкетни комисии во двата состави на Парламентот. Резултатот е тој.

Јас сакам отворено да кажам пред овој Парламент и кога ќе биде донесен законот, дека она што го знам во врска со постојната опрема со прислушкување од страна на институции, злоупотреба на таа опрема или пак од страна на политички партии ќе го ставам на располагање, дел го ставив, дел ќе ставам на располагање на Министерството за внатрешни работи. Но, ве молам и вас сите кои што со години наназад, знаете, имате било какви информации, контакти, посредни или непосредни да ги ставите исто така на располагање на Министерството за внатрешни работи, бидејќи анкетните комисии имаат само можност да покренат политичка одговорност за носител на јавна функција. Меѓутоа, немаат никакво право да ги суспендираат обврските на органите на прогонот или Јавното обвинителство. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има господинот Тахир Хани. Повелете.

**Џевад Адеми:** Имам реплика.

**Љубиша Георгиевски:** Не се најавивте, но сепак повелете. Три минути реплика.

**Џевад Адеми:** Јас сум разочаран од излагањето на пратеникот Петковски и фактот што ниту еден од присутните не манифестира, пробуди интерес, докажува дека големата врева која се направи за наводно аферата, уредите за прислушкување на политичките партии. Овде сите сме сведоци, не се презентира ниту еден таков податок. Бев љубопитен и го очекував со нетрпение говорот на пратеникот Петковски, бидејќи оценив дека нема порелевантна институција и нема подобра можност од говорницата на Парламентот или од расправата за Законот за следење на комуникации, да се кажат тие информации кои еден одговорен политичар ги има.

За жал, таа медиумска врева и тоа искажување беше во функција на создавање на една клима на взаемна недоверба, било во албанскиот или македонскиот политички табор. Мислам дека не е за добро и за добро на промоцијата за одговорноста во политиката да се кажуваат големи зборови, а да не се аргументираат истите. Бидејќи, доколку целта на овој закон е легализирање и законската рамка на инструментот наречен прислушкување, како средства за борба против организираниот криминал, корупцијата и сите моменти кои ја товарат реалноста во Македонија, да не се спомнат центрите од каде се извршија овие незаконски дејствија и казниви секако, мислам дека не е во полза на создавање на една позитивна клима по однос на овој закон.

Се надевам дека пратеникот Петковски, ќе го каже неговиот последен збор, но информациите кои ние ги немаме, а тој според неговите зборови ги има. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Господинот Петковски се јави за контра реплика.

**Тито Петковски:** Сакам да го информирам Собранието дека љубопитството на господинот Адеми, ќе го задоволам во вториот дел, кога ќе расправаме по Предлог на законот.

**Љубиша Георгиевски:** Со оглед на поодминатото време господине Алити како ќе одлучите вие, дали сега да говорите, или да говорите утре, штом започне седницата. Каква е вашата одлука?

**Рафис Алити:** Јас мислам дека можеме да продолжеме утре со расправата, бидејќи време е да завршиме со денешната расправа. Да продолжиме тогаш утре.

**Љубиша Георгиевски:** Сметајќи го за релевантен предлогот на господинот Тито Петковски, утре на координација да се видиме и евентуално, на прво читање да го примиме законот какок предлог за донесување на предлог закон, а бидејќи и онака имаме координација во 10,30 часот по друга тема, молам координаторите да размислат, дали и за н нив е релевантно да го продолжиме советувањето околу темата што е на дневен ред.

Во секој случај, да определиме очекувано време за почеток на продолжувањето на оваа седница утре во 11,15 часот.

Благодарам на соработката.

(Седницата прекина со работа во 17,55 часот)